НАЦИОНАЛНА ГАЛЕРИЈА НА МАКЕДОНИЈА
NATIONAL GALLERY OF MACEDONIA

ИРЕНА ПАСКАЛИ
IRENA PASKALI



# УРБАН ПЕЈЗАЖ / URBAN LANDSCAPE



Видео „Метро“, 2’ 30’’
Video “U-bahn”, 2’ 30’’

Ирена Паскали е уметник што работи во многу различни медиуми применувајќи уште повеќе различни методи. Но, иако на прв поглед нејзините начини на работа се чинат разновидни, таа е многу прецизна во методите што ги применува: сите тие функционираат само како средства за изразување - на еден уметник со јасно изразена и промислена визија. Како и кај другите уметници на денешнината, и нејзините дела се концентрирани врз нејзиното сопствено тело, но таа ја проширува својата лична визија во еден глобален израз на просторот и времето. Без оглед дали се работи за преминување граници - многу важна работа за жените-патници, каква што е и таа - или вклучувањето холографски и холистички погледи во нејзините верувања, таа секогаш патува кон оние области што ги допираат секојдневните компромиси на преживувањето.
Кога ја напушти Македонија за да оди на постдипломски студии во Западна Европа - имав среќа да ја запознам при една средба на една работилница во Луксембург - таа веќе беше признаен видео уметник, иако и нејзиното сликарство не беше незабележително. Некои од нејзините дела претставени на оваа изложба са однесуваат на постарите методи и сознанија, особено видливи во нејзините нови видео дела. На пример, видеото „Метро“ прикажува една двосмислена ситуација на една жена-патник со група случајни сопатници: За што зборуваат? Дали тоа ме засега и мене? Треба ли да се чувствувам загрозена? Или, можеби тоа е само лажен страв? Густината на звучната инсталација што ги придружува повеќеслојните слики полека се зголемува, изговорените зборови веќе не може да се разберат. Она што се доживува додека се гледа инсталацијата е севкупноста на една секојдневна ситуација - но како целина, а не како одделни метафори или симболи.
При остварувањето на одредена визија Ирена Паскали користи многу идеи: холографската и панорамската фотографија се стари, скоро заборавени медиуми, но тука се применети како сосем нов израз. Во споредба со нејзиното видео дело, повеќето од панорамските слики изгледаат како лесна и прифатлива инсталација, составена само од долги ленти од слики со чуден поглед на стварноста. Но гледачот - ти, драг читателу! - треба подолго и поодблизу да ги разгледува деталите на долгите слики на трамвајските станици (како точки од кои нема враќање во времето) или Келнската катедрала (како точка во која секогаш може да се вратите, во и по животот). Сликите на трамвајските станици, и над и под земја, и дење и ноќе - кој да знае само од гледање - ја покажуваат временската скала на доаѓањата и одењата, на пристигнувањата и заминувањата. Сликите на катедралата се концентрираат на просторната визија што ја покажува важната улога на таа градба во визурата на градот. Кога ќе научите да ги гледате тие слики, ќе восприемите многу повеќе отколку што сте очекувале - гледајте ги подолго време!

**Ролф Захсе**

(автор, кустос, фотограф, професор по теорија и историја на дизајнот на Академијата за ликовни уметности и дизајн во Сарбрук, Германија)

Irena Paskali is an artist working in many media and with even more methods. But as diverse as her different working processes might look at first sight, as clear she is about any of the methods introduced: The all simply function as means of expression – for an artist as expressive as thoughtful in her vision. As with any artist today, her work is centered around her own body but she extends her personal vision immediately to an overall expression of space and time. Be it the crossing of borders – something of great importance for migrating women as she is after all, too – or the introduction of as holographic as holistic views on one's own belief, she always travels to those fields that hurt the daily compromises of surviving.

When she left Macedonia for her post-graduate studies in Western Europe – I had the great luck of meeting her at a workshop in Luxembourg – she already was well recognized as a video artist although her painting was as well worth mentioning. Some of her new works presented in this exhibition refer to earlier methods and knowledges, especially some of the new video works. E.g., the „Metro" video shows the very ambiguous situation of a lone female traveller within a random group of passengers: What are they talking about? Does it concern me? Must I feel threatened? Or is it all a fake of fear? The density of the sound installation accompanying the multiple images is slowly increasing, the words spoken cannot be understood anymore. What is experienced when looking at the installation is the whole of an everyday situation – but as a whole and not in particular symbols or metaphors.

Irena Paskali works a lot with ideas of the completion of a given vision: holography and panoramic photography are old, nearly forgotten media and yet introduced here to completely new expressions. Compared to the video work, most of the panoramic views look like very light and easy going installation, just long stripes of images with a queer view on reality. But if the spectator – You, Dear Reader! – takes the time and closeness to witness the details of the long images of tram stations (as points of no return in time) or the Cologne cathedral (as the point of every return possible in and after life). The tram station images, both over and under ground or by day or by night – who knows it just from viewing? – show the time scale of coming and going, of arrival and departure. The cathedral images concentrate on a spatial vision displaying the important role of this building within the sight of of the city. Once you are experienced in looking at these images you perceive a lot more than you expected before – it is worth looking at them for a long time!

**Rolf Sachsse**

(author, curator, photographer, Professor in Theory and History of Design at the Academy of Fine Arts and Design at Saarbruck, Germany)



200x45 cm.

Знам дека некои од македонските фотоуметници - пријатели или познајници - ќе реагираат на одделни делови од овој текст. Сепак, не можам да не кажам дека оваа изложба на фотографии на Ирена Паскали (1969), барем за мене, е една од најинтересните фотоизложби на македонски автор во последните неколку години! Впрочем, подеднакво впечатлива, но од друг аспект, беше и нејзината изложба (исто на фотографии) „Просторно-временска автентичност" во Музејот на современата уметност во Скопје, септември 2004 година. И таа изложба, како што, претпоставувам, ќе се случи и со оваа, предизвика различни коментари во дел од македонската фотографска бранша за природата на фотографијата, нејзината „(зло)употреба" и слично. Но, тоа е стара конзервативна приказна: дел од македонските фотографи по правило чувствуваат анимозитет кон секој вон нивниот еснаф (а особено ликовен уметник!) што се бави (и) со фотографија; во принцип, неаргументирано, се негира технолошкиот бум на дигитализацијата и компјутеризацијата на фотографијата; не гледајќи го конечниот резултат инсистираат на класичните фотографски постапки (треба ли да се вратиме на употребата на стаклени плочи?) итн.
Ирена Паскали последниве години се наметна како најекспониран млад македонски мултимедијален уметник, со особено импресивна меѓународна биографија. Од базичната академско-ликовна едукација нејзиниот интерес бргу еволуираше кон перформансот, инсталацијата, видеото, фотографијата ... или нивна комбинација.
И овој нејзин циклус наречен „Урбани пејзажи" е всушност комбинација на видео и фотографија, најверојатно инициран од суштествената промена на вкупното визуелно опкружување во новата средина (Келн, Германија). Односно, како и кај секој „новодојденец", новиот „пејзаж", новото секојдневие диктира нови наметливи визури што треба да се дешифрираат и примат, да се со-живеат. Ирена Паскали во случајов тргнала од општото - од глобалната идеја на градот како *место* со впечатлива топографија на хоризонтали и вертикали кои што го дефинираат неговиот „пејзаж". Оттука веројатно и неизбежната употреба на панорамскиот фото апарат (Digitale Spheron; 16mm Nikon Fisheye), со цел одеднаш, во целост да се „прими" пределната структура, главните маркери и правците (не само во буквална смисла) на комуникацијата. И понатаму, преку веќе доживеаната топографија на хоризонтали и вертикали Ирена ја шири приказната поблиску лоцирајќи ги (не само за неа) доминантните реперни точки и (можните) контрасти на местото: историски, архитектонски, световно-духовни итн. На пример: метро - катедрала; геометрија - готика; земно и вечно патување ... како обединувачко двојство во животот на овој (или кој и да è друг) град!
Но, дури и да не ја прифатите веднаш *оваа* „приказна" (или, можеби, ќе откриете некоја друга, ваша), фотографиите - секоја одделно и сите заедно - несомнено ќе го окупираат вашето внимание. Не толку

нивните (за македонски услови) импозантни димензии и техничка беспрекорност, туку заради нивната впечатлива пленливост, едноставна перфекција во кадрирањето и компонирањето, чувството за ритам и колористички баланс. Безмалу во сите дела Ирена се доближува до естетиката на историската Нова објективност (Neue Sachlichkeit) во фотографијата - правец што инсистираше на чист, автохтон фотографски пристап и квалитет. Во напливот на веќе баналниот фотожурнализам или пиктурализам во фотографијата кај нас (особено присутен кај македонските т.н. фотоуметници), Ирена ни ја нуди едноставноста на естетски привлечните форми (Paul Strand), на „искрената" фотографија (Ranger-Patzsch), на некои допирни точки со апстрактните фотоистражувања (Баухаус) итн. Во оваа насока новото опкружување на Ирена - новиот урбан пејзаж - е извориште на интригантни естетски форми, невообичаени арабески и контрасти, на непрепознатливи структури и синхрона/дијахрона ритмика: метрото и неговата потенцирана „крвоточна" линеарност; симболичното возвишено извишување на катедралата; дисторзивната рефлексивност на долгите стаклени површини ... Но, повторно во манирот на Новата објективност, Ирена не остава недоумици кај гледачот. Без оглед што формите „влечат" кон потенцијална целосна непрепознатливост, таа суптилно остава назнаки/знаци за дешифрирање: човечки фигури, познати предмети/структури и слично.
Ако со претходната изложба на фотографии Ирена, комуницирајќи со одделни ремек-дела од историјата на сликарството, во еден сегмент експлицитно ја потврдуваше тезата на Барт за „свест за минатото присуство" на фотографијата, сега веќе тоа не е случај. Сега таа најконкретно се бави со свеста за „сега и тука", со „исечокот" на сегашноста. Ова особено е потенцирано и со лентовидниот формат на фотографиите како инсталација од долги исечоци од една „чудно" доживеана реалност.
А во таа чудна, несекојдневно секојдневна реалност Ирена го вклопува и најновото видео дело „Метро" (U-bahn). Слично како и во фотографиите, во видеото Ирена се бави со исечоци од *ситуација*: монотоното перпетуум мобиле на звуци и движења во подземната железница, состојба што веројатно ѝ се повторува безброј пати во текот на денот. Безброј пати во безброј исечоци од едно долго (здодевно?) патување. Но, за разлика од фотографиите, овде нејзиниот приод е постуден, некако суштински дистанциран, регистрира но не се инволвира ... Единка во „некомуникативен" простор? Странец во „туѓ" свет? Многу можни приказни и метафори или само уште еден обичен „исечок" од (сепак чудна) реалност преполна со повеќезначен „јазик"?

**Златко Теодосиевски**

I know that some of the Macedonian photo artists – friends or acquaintances – will react to certain parts of this text. Yet, I cannot help stating that this exhibition of photographs by Irena Paskali (1969) is, for me at least, one of the most interesting photo exhibitions of a Macedonian artist in the past several years! Actually, equally impressive, but from another aspect, was her exhibition (of photographs, also) "Spatial-Temporal Authenticity" in the Museum of Contemporary Art in Skopje, in September 2004. I suppose that the same will happen with this exhibition - it will incite different comments by part of the Macedonian photographs' branch referring the nature of the photograph, its (mis)use, etc. But, it is an old and conservative story: part of the Macedonian photographers, regularly show animosity for anyone outside their guild (and especially fine artists) engaged in photography (as well); they generally deny the technological boom of the digitalization and computerization of the photography, having no real arguments; disregarding the final result, they insist on the classical photographic procedures (should we return to the use of glass plates), etc.

In the past few years Irena Paskali has imposed as the most exposed young Macedonian multi-media artist, with a specially impressive international biography. From the basic academic artistic education her interest quickly evolved towards the performance, installation, video, photography... or a combination of them all.

Same is the case with this cycle of her, titled "Urban Landscapes", which is actually a combination of video and photography, probably incited by the essential change of the entire visual environment in her new surrounding (Köln, Germany). Namely, as it happens to all "newcomers", the new "landscape", the new everyday dictates new imposing vistas that are to be deciphered and perceived, to be adopted. In this case Irena Paskali has proceeded from the general – from the global idea of the city as a place with a remarkable topography of horizontals and verticals that decipher its "landscape". This is probably the reason for the inevitable use of the panoramic photo camera ("Digitale Spheron; 16 mm. Nikon Fisheye), which provided the complete "perception" of the landscape structure, the main markers and directions (not only literally) of communication. In addition, through the already experienced topography of horizontals and verticals, Irena develops the story, locating more precisely the dominant (not only for her) points and the (possible) contrasts of the place: historical, architectural, profane-spiritual, etc. For example: subway - cathedral; geometry - gothic; earthly and eternal journey ... as an uniting duality in the life of this (or any other) city! But, even if you don't accept this "story" (or perhaps you will reveal some other, of your own) at once, the photographs, each for its part and all together, will certainly occupy your attention.

And not because of their (for Macedonian circumstances) striking dimensions and technical perfection, but because of their impressive appeal, the simple perfection of the framing and composing, the feeling of rhythm and coloristic balance. In almost in all of her works Irena approaches the esthetics of the historic New Objectivity (Neue Sachlichkeit) in photography: a movement that insisted on pure, authentic photographic approach and quality. Amidst the outflow of the already banal photo-journalism or pictorialism in the photography (particular for the Macedonian so called photo-artists), Irena offers the simplicity of the esthetically attractive forms (Paul Strand), of the "sincere" photography (Ranger-Patzsch), of some aspects common to the abstract photo-researches (Bauhaus), etc. In this sense, Irena's new environment - the new urban landscape - is the source of intriguing esthetic forms, unusual arabesques and contrasts, of unidentifiable structures and synchronic / diachronic rhythm: the subway and its emphasized "bloodstream" linearity; the symbolically exalted elevation of the cathedral; the distortive reflexiveness of the long glass surfaces... But, still in the manner of the New Objectivity, Irena arouses no doubts with the audience. Regardless of the fact that the forms "tend" towards a probable complete unidentifiability, she subtly leaves marks / signs for deciphering: human figures, familiar objects / structures, etc.
If Irena's previous exhibition of photographs communicated with certain masterpieces in the history of painting, in one segment explicitly confirming Bartes's thesis on "the awareness of the past presence" of the photography, now it is not the case any more. Now she most overtly deals with the awareness of the "now and here", with the "insert" from the presence. This is particularly emphasized with the stripe-like format of the photographs, made as an installation composed of long inserts from a "strangely" experienced reality.
And in that unusually usual everyday reality, Irena fits her latest video - "Subway" ("U-bahn"). Same as in her photographs, in this video Irena deals with inserts from a situation: a monotonous perpetuum mobile of sounds and motions in the subway, something she is probably experiencing countless times during the day. Countless times in countless number of inserts of a long (boring?) journey. But, unlike the photographs, her approach here is colder, somehow essentially distanced, evidenced yet not involved... An individual in a "non-communicative" space? A foreigner in a "strange" world? Many possible stories and metaphors or just another simple "insert" from the (yet unusual) reality filled with a manifold "language"?

**Zlatko Teodosievski**



200x70 cm.



200x70 cm.



200x50 cm.





200x24 cm.





200x30 cm.



200x24 cm.







200x45 cm.





200x30 cm.



200x40 cm.





**Irena PASKALI**

Born on 22.08.1969 in Ohrid.
1995 graduated from the Faculty of Natural Science.
2000 graduated on the Faculty of Fine Arts in the class of the prof. Stanko Pavleski.
2004 start postgraduated study KHM Academy of Media Arts Cologne, Germany
address: str. Bratforska No. 2-3/40 Skopje, Macedonia
Camberger str. 18 51105 Cologne, Germany
tel.: ++ 389 070 635372 / 0049 1787302430
e-mail: paskali99@yahoo.com
irena9mk@yahoo.com

**Scholarship**

Participate in 7. European Studio Program of the ACC Gallery and the City of Weimar, Germany
Artist in Residence Kulturlabor Stromboli Hall in Tyrol, Austria

**Solo exhibitions**

1995 Skopje, Probistip, (Macedonia), prints - "Constructor' House"
1998 Vassa, (Finland), prints - "Culturcenter"
2000 Ohrid (Macedonia), video projections - "Cultural House of Ohrid"
2001 Weimar (Germany), "One day, one life", videoinstalation - "Direction of Culture"
Weimar (Germany), "Between", performance - "Museum of Contemporary Art"
Skopje (Macedonia), "Between", videoinstalation - "CIX Gallery"
Skopje (Macedonia), "Nest", videoprojection - "Cultural Information Center"
Skopje (Macedonia), "FOR OUR OWN GOOD", photo-art cafe "Jonathan"
2002 Skopje (Macedonia), "On the way to/FROMacedonia" photo&videoprojection "House of ARM"
Belgrade (Serbia), "Between", videoinstallation - "Studentski Kulturni Centar"
2003 Mostar (Bosna&Hercegovina), "For our own good", photoinstallation, "Alternativni Centar"
2004 Sofia (Bulgaria), "Between", videoinstallation, "Gallery IRIDA"
Skopje, Stip (Macedonia), "Videoworks 1999-2004", Cultural Location "Tocka"
Hall in Tirol (Austria), Kulturlabor Stromboli:
"For our own good-made in Macedonia" photo
"Space - time authentic" print on canvas
"Macedonia unter/über alles" videoinstallation
Skopje (Macedonia), "Space-time authentic", Museum of Contemporary Art, Skopje

**Select Group exhibitions**

2000
Boston (USA), "Root, Water, Nest, Bird", performance of the Macedonian - American group of authors, MOBIUS
2001 Skopje (Macedonia) 5. Youth Biennale, Museum of Contemporary Art
Skopje (Macedonia), SEAFair 2001 "Society and Genomic Culture", Museum of Contemporary Art
Belgrade (Yugoslavia), Real Presence Generation 2001 - Museum 25 May - international multimedia workshop
Geneva (Switzerland), 9 Biennale de l'image en mouvement, Saint-Gervais, world video-festival (official concurrence)
Fier (Albania), "Dare to be different" - Women from the Balkans for a Culture of Tolerance
Strasbourg (France), "Regards Projetes" - Festival d'art video - Auditorium du musée d'art moderne et contemporain de Strasbourg
2002
Weimar (Germany), "Das Maß der Dinge"; die Austellung der Stipendiaten des 7. Europälischen Atelieprogramms der ACC Galerie und der Stadt Weimar: Irena Paskali (Macedonia); Enrica Borghi (Italia), Irim Lux (Spain)
Ljubljana (Slovenia), "Rdece zore III" International women's festival - Mefelkovo Mesto
"Tokyo Video Festival 2002", an international video contest for the people around the World
Oberhausen (Germany), 48. International Short Film Festival Oberhausen, Special program "Geographies of Survival" selected by Ursula Biemann
Lausanne (Switzerland), "Lausanne Underground Film Festival 2002" (art video program), Theatre Sevelin
Kansk (Russia), 1st. International Kansk Video festival, cinema "Voshod"
Skopje (Macedonia), "Transformations 2" Modalities of Macedonian Modern and Contemporary Sculpture, Museum of Contemporary Art
Kraljevo (Serbia), "Face - Identity 2002 Mirror of the Balkan", National Museum Gallery
Skopje (Macedonia), "Big Framing", Museum of Contemporary Art
Wien (Austria), "Context: Europa 2002", film program "Documents on the Balkan's
Nagoya (Japan), "ISEA 2002", 11th International Symposium on Electronic Art
Glasgow (Scotland), "Majority Rules (part 2)", Free Gallery, www.freegalleryglasgow.co.uk
"2002 Palestine International Video Festival", Anadiel Gallery
2003 Skopje (Macedonia), "Denes Young Visual Artist Annual Awards", Museum of Contempory Art
Florence, Giubbe Rosse; Milan, Mudima Foundation (Italy)
Zagreb (Croatia), "Postocilist Queer Identity", SP Gallery
Belgrade (Serbia&Montenegro), "Last East European Show", Museum of Contemporary Art, Belgrade
Skopje (Macedonia), "6th Youth Biennial", Museum of Contemporary Art
Luxembourg (Luxembourg), "Hybrid-Liquid-The Art Force", workshop&ehhibition, Casino Luxembourg
Novo Mesto (Slovenija), "Sniff" - international short film festival
Amsterdam (Netherlands), "Next 5 minutes international festival of tactical media", www.next5minutes.org
Novi Sad (Serbia&Montenegro), "Balkan Video&Digital Art Festival", Golden Eye - Center for Visuel Culture
Sofia (Bulgaria), "We are the weather", Second Biennial of Women Artists from the Balkan Countries, National Gallery for Foreign Art
Malaga (Spain), "Eurovideo 2003 certamen unicaja de video", special program
Bratislava (Slovakia), "Billboard Gallery Europa"
Geneva (Switzerland), "10 Biennale de l'image en mouvement", Saint-Gervais, official concurence
Seville (Spain), "Festival audovisual Zemos 986"
Skopje (Macedonia), "Idea-theque", documents on conceptual discourse in Macedonia, Museum of Contemporary Art
Ankara (Turkey), "15th International Film Festival", short film screaming
2004 London (England), "Halowen Film Festival", Institute of Contemporary Arts, short films on the theme of "The Derelict Sensation"
Madrid (Spain), "The Making of Balkan Wars", Conde Duque Cultural Centre Medialab
Seville (Spain), "Festival audovisual Zemos 986"
Chiang Mai (Thailand), "Media Art Festival Pathiham Electron (Supernatural), Chaing Mai University
Art Museum Amsterdam (Holland), "Europa Square XXL", Cultural center the Balie
Katowice (Poland), "E-W-N-S Festival of Visual Art", Gallery Shaft Wilson
Locorotondo (Italy), "Corridor 8", Cultural location Mavu, Locorotondo
Athens (Greece), "ARTIADE 2004 Olympic Visual Art", Exhibition Hall, Athens
San Pedro (California, USA), "Art Links 2004-Bread and Salt", Angels Gate Cultural Center
Antalya (Turkey), "Antalya Golden Orange Film Festival"
Teheran (Iran), "The 34 Roshid International Film Festival"
Wesel (Germany) "Euroscreen 21 Projects", Museum City of Wesel
Porto (Portugal), "2. Festival Audiovisual Black&White"
Yerevan (Armenia), "Art in the Age of New Technology", Center for Contemporary Experimental Art
Thessaloniki (Greece), "Aspects of Contemporary Balkan Photography", Photography Center



Издавач: Национална галерија на Македонија
Крушевска 1а, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.: ++ 389 02 31 33 102
Факс: ++ 389 02 31 24 219
www.mng.com.mk; e-mail: artgall@mol.com.mk
Мултимедијален центар „Мала станица“
февруари 2006

За издавачот: Златко Теодосиевски, директор
Предговор: Златко Теодосиевски, Ролф Захсе
Асистент на фотографија: дипл. инж. Петар Шустер
Превод на англиски: Марија Хаџимитрова Иванова
Ликовно обликување: Борис Шемов; Коректура: Михаил Лопарски
Печат: Скенпоинт; Тираж: 500
Изложбата е финансирана од
Министерството за култура на Република Македонија и финансиски потпомогната од Мобимак

Авторски права: © Национална галерија на Македонија

Published by: National Gallery of Macedonia
Kruševska 1a, 1000 Skopje, R. of Macedonia
Tel.: ++ 389 (0)2 31 33 102
Fax:++ 389 (0)2 31 24 219
www.mng.com.mk; e-mail: artgall@mol.com.mk
Multimedia Centre "Mala Stanica"
February 2006

Editor in chief: Zlatko Teodosievski, director
Preface: Zlatko Teodosievsk, Rolf Sachsse
Assistent of photography: dipl-ing. Peter Schuster
Translated into English: Marija Hadûimitrova Ivanova
Design and layout: Boris Šemov; Corrections: Mihail Loparski
Printed by Skenpoint; 500 copies
The exhibition is financed by the
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia and sponsored by Mobimak

Copyright © National Gallery of Macedonia

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје

**ISBN 9989-694-66-4**
1. Насп. ств. насл.
а) Фотографии - Видео уметност - Македонија - Изложби

COBISS. MK - ID 63765258

7.038.53;77(497.7) (06.064) Паскали, И.
7.038.53;791.43(497.7) (06.064) Паскали, И.
Ирена Паскали / [предговор Златко Теодосиевски, Ролф Захсе; превод на англиски Марија Хаџимитрова Иванова] = Irena Paskali / [preface Zlatko Teodosievski, Rolf Sachsse; translated into English Marija Hadžimitrova Ivanova]. - Скопје : Национална галерија на Македонија = Skopje : National gallery of Macedonia, 2006. - [24] стр. ; илустр. во боја ; 21 см

